**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Јавно Претпријатие за Државни патишта**

Бр. 02-6407/6
17-09-2013
**Скопје**

Врз основа на член 26 од Законот за јавните набавки (Сл. Весник на Република Македонија бр 136/07, 130/08, 97/10, 53/11, 185/11 и 15/13), член 20 точка 14 од Статутот на Јавното претпријатие за државни патишта (Службен весник на Република Македонија бр. 09/2013) Управниот одбор на седницата одржана на ден 17.09.2013 година донесе:

# ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА 2013 ГОДИНА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

**1.** Во Годишниот план за јавните набавки за 2013 година број 02-265/8 од 15.01.2013 година точката 61 се менува и гласи:

| РБ | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Очекуван почеток на постапката | Вид на постапка | Проценета вредност на договорот/ | ДДВ | Вкупно со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 61 | Обележување на патен појас – експропријационен појас, вештачење на вредноста на земјиште, земјоделски и шумски култури и вештачење на објекти на државен пат А3 Велес - Кадрифаково, делница Велес (депонија) - Лозово | септември | Прибирање на понуди | 350.000 ден. | 63.000 ден. | 413.000 ден. |

**2.** Годишниот план за јавните набавки за 2013 година број 02-265/8 од 15.01.2013 година се дополнува со точката 109 која гласи:

| РБ | Предмет на договорот за јавна набавка/рамковната спогодба | Очекуван почеток на постапката | Вид на постапка | Проценета вредност на договорот/ | ДДВ | Вкупно со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 109 | Обележување на патен појас – експропријационен појас, вештачење на вредноста на земјиште, земјоделски и шумски култури и вештачење на објекти на државен пат А3 Велес - Кадрифаково, делница Лозово - Сарамзалино - Кадрифаково | октомври | Прибирање на понуди | 500,000 ден. | 90.000 ден. | 590.000 ден. |

**3.** Во останатиот дел Годишниот план за јавните набавки за 2013 година број 02-265/8 од 15.01.2013 година останува непроменет.

**Образложение:**

Измената и дополнувањето на Планот за јавните набавки за 2013 година, донесен од Управниот одбор со број 02-265/8 од 15.01.2013 година претставува ажурирање на постоечкиот план, а потребата од измена на истиот се должи на можноста за забрзување на постапката за парцијално реализиарање на планираниот проект за реконструкција на државниот пат А3, делница Велес-Кадрифаково. Имено, изготвувањето на Проектна документација за предметната делница , е поделена на две фази кои претставуваат посебни целини со различни рокови, и тоа:

- За Фаза 2, Велес (депонија)-Лозово проектната документација е во финална фаза и може да се отпочне со набавката, со што ќе се забрза и постапката за добивање на Одобрение за градење и почеток на градежните работи.

- За Фаза 3, Лозово-Сарамзалино-Кадрифаково проектната документација е во тек на изработка, а рокот за нејзиното комплетирање е 30.09.2013 година. Набавката за обележување на експропријациониот појас и вештачење е планирана за октомври 2013 година.

Напоменуваме дека овој проект се финансира со кредитни средства од ЕБРД, при што секоја од наведените Фаза претставува посебна целина, за која е потребно претходно добивање на Одобрение за градење. Со поделбата на набавката за обележување на експропријациониот појас и вештачење на два дела ќе значително се забрза постапката за набавка и физичка реализација на градежните работи на Фазата 2, дел Велес (депонија)-Лозово, со должина од 9 км.

Дополнителните финансиски средства во износ од 649.000 мкд ќе бидат обезбедени од заштедата на ставката 93 од Планот за јвни набавки (Надзор над реконструкција на државен пат А3, делница Велес - Кадрифаково)

**Претседател на Управен одбор**

**Сања Минкова**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА СКОПЈЕ